29078

12735,

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Среда 7 јули 1982 год. ● стр. 7

ДО САБОТА ВЕЧЕР ВО МСУ

# Пет предавања на Марко Погачник

Во рамките на својата теоретска работа, првиот учесник на манифестацијата „Интервенции во простор“ што летово ја организира Музејот на современата уметност од Скопје, словенечкиот скулптор Марко Погачник до сабота вечер ќе одржи пет предавања. Тие треба да се надоврзат на практичниот дел што тој претпладне го изведува на просторот околу зградата на Музејот. Неговата интервенција се состои, како што објаснивме порано, во допирањето на животните сили во еден простор, овде конкретно, просторот на ридот на кој е сместен Музејот и кој доминира со потесното градско подрачје. Во стручната литература, ваквата интервенција се наречува „перманентна инсталација“. Елементите на таквите инсталации, по завршената манифестација не се отстрануваат, туку остануваат трајно на местото на настанот.

„Габотилницата“ што Погачник ја наречува „Школа за просторот“ почна синока со првото предавање на тема: „Природата и цивилизацијата како два простора на нашата планета: како тие учествуваат во културата на мегалитскиот и келтскиот период, антиката и модерната уметност“.

Вечер предавањето е на тема: „Духовните и материјалните простори: хиерархијата на просторот почнува со просторот на срцето каде човекот го лоцира својот идентитет“. Утре треба да се следи неговото предавање: „Просторите на исламската и христијанската традиција: концептот на џамијата и концептот на црквата се два суплементарни просторни концепти.“

Предавањата почнуваат во 19 часот во МСУ. (С. Ѓ.)